**Известување за концентрација со Вива Фреш Ш.П.К. од Косово ќе стекне контрола над Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-29 од 26.11.2021 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 26.11.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое Вива Фреш Ш.П.К. од Косово со регистрирано седиште на Магистралја Приштина Липјан НН, Суходол, Грачаница, Косово ќе стекне контрола над Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52 Штип, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на удели.

- **Вива Фреш Ш.П.К. од Косово** е друштво кое се занимава со продажба на мало на стоки во неспецијализирани продавници-супермаркети.

Подносителот има поврзано друштво на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

**-Друштво за производство, трговија и услуги ВИВА ФРЕШ СТОРЕ ДООЕЛ Скопје,** со регистрирано седиште на Македонско Косовска бригада 11 бр.1/1 Скопје-Бутел, со приоритетна дејност-трговија на мало во неспијализирани продавници, претежно храна, пијалоци и тутун.

- **Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија** е друштво со предмет на работење-друга трговија на мало во неспецијализирани продавници.
КИТ-ГО ДООЕЛ Штип, Република Северна Македонија има поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија и тоа:

**-Друштво за трговија, угостителство и услуги ТАЛФА ДООЕЛ ШТИП** со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

**-Друштво за трговија и услуги ТДЕЛТА-ИНГ 2017 ДООЕЛ Штип** со регистрирано седиште на бул.Гоце Делчев бр.52, Штип-Република Северна Македонија и и со приоритетна дејност-издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

17.02.2022 година
Скопје